# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 44** **17 февруари 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 820. | **Решение** за разрешување членови и назначување член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор................................................ | **2** |
| 821. | **Решение** за утврдување престанок на мандатот и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Гостивар............................................ | **2** |
| 822. | **Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта................ | **2** |
| 823. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт... | **2** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-44** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**820.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019) и член 1 и член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2016 и 164/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.97/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И НАЗНАЧУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР**

1. Од должноста членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации се разрешуваат:

- Бесим Небиу, член во областа „Медиуми и информатичко општество“, на негово барање,
- Мимоза Богданоска Јовановска, член во областа „Наука, образование и доживотно учење“,
- Јасна Мандиќ, член во областа „Заштита на маргинализираните лица“ и
- Љупчо Петковски, член во областа „ЕУ интеграции и политики“.

2. За член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации од редот на здруженија од областа Наука, образование и доживотно учење, се назначува Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 20-587/2
10 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**821.**

Врз основа на член 100 и член 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 4/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/20, 37/20 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019 и 275/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР -ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ГОСТИВАР**

1. На Кети Василеска и се утврдува престанок на мандатот член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Гостивар, на нејзино барање.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Гостивар, се именува Олгица Мерџаноска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 20-948/2
10 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**822.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/2019), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 10 февруари 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

1. Од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта се разрешува Никола Чачов.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта се именува Пеце Богдановски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-1508/1
10 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**823.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/2019) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/2019 и 212/2019), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 17.02.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 66,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 68,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 58,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 46,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 33,140 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени од став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно став (1) на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, кои изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 26,810 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 28,600 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V | 27,234 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 26,625 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 26,195 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, кој за Еуросупер БС-95, за Еуросупер БС-98 и за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,600 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,556 денари/литар, додека за мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 1,00 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно член 184 став 2 алинеја 2 од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно член 92 ставови (3) и (7) од Законот за акцизите, изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 21,802 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 21,707 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 15,239 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 6,136 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 18.02.2020 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-436/1
17 февруари 2020 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

ISSN 0354-1622

2020044

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**